**20161413390**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, СЕМЕ И ЕМБРИОНИ ОД ГОВЕДА, ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, ПРОИЗВОДИ И ПРЕРАБОТКИ ОД ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ОД ГОВЕДА, КАКО И НУСПРОИЗВОДИ ОД ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на говеда и диви преживари, семе и ембриони од говеда, говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија од Република Србија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 129/16), во членот 1 во ставот (2) во алинејата 1 сврзникот “и“ се брише.

По алинејата 1 се додава една нова алинеја 2 која гласи:

“- Бранчево, и“.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02 – 3676/4<br>26 јули 2016 година<br>Скопје

Директор на Агенцијата<br>за храна и ветеринарство,<br>м-р **Зоран Поповски**, с.р.